## PRESS CLIPPINGS

| | |
|---|---|
| **Date:** | June 01, 2006 (Thursday) |
| **Media:** | MIA |
| **Circulation:** | N/A |
| **Title:** | **Info Center for Mediation Opened in Skopje** |

**Во Скопје отворен Инфоцентар за медијација**

**Скопје, 1 јуни (МИА) -** Во рамки на Проектот за алтернативно решавање на споровите на Меѓународната финансиска корпорација и Партнерството за ЈИЕ денеска во Скопје е отворен Инфоцентар за медијација.

Менаџерот на проектот Вилма ван ден Бетен на денешната прес-конференција по тој повод изјави дека отворањето на овој Инфоцентар е од големо значење во оваа фаза од спроведувањето на проектот бидејќи во него граѓаните на Република Македонија ќе може да ги добијат сите информации во врска со медијацијата како појасен, побрз и поефикасен пристап до правдата.

Здравка Скаловска од Министерството за правда одговорна за изготвување на Законот за медијација истакна дека овој Закон е донесен по европските трендови и стандарди и се очекува да помогне во растоварувањето на судовите од преголемиот број на предмети.

- Законот ја промовира медијацијата како вонсудска постапка за решавање на спорови врз слободно изразена волја на страната со помош на трето неутрало лице медијатор кое им помага на страните во изнаоѓање на решение на спорот но без наметнување на свое решение. Во оваа смисла предностите медијацијата фокусирани се пред се на тоа страните сами да дојдат до решенија да донесат до решенија да донесат финална одлука а донесеното решение да е трајно, брзо, ефикасно при што да бидат запазени добрите односи меѓу страните, спогодбата да е постигната за кратко време, а постапката да е ефикасна и доверлива што е основен принцип на медијацијата-, рече меѓу другото Скаловска.

Покрај Инфоцентарот согласно одредбите од Законот во септември оваа година ќе се отвори и Центар за медијација, а постапките на медијација односно примената на Законот ќе стартува од 1-ви ноември. Во меѓувреме, како што изјави проект менаџерот Ван ден Бетен ќе се спроведе обука за медијатори, како и судии кои ќе треба да ги упатуваат споровите на медијација.

Законот за медијација е донесен на 9 мај 2006 година. Основниот суд Скопје 1 од Скопје ќе биде првиот суд кој ќе почне да упатува спорови на медијација со можност како пилот-суд да стартува и Основниот суд во Струмица. Минатата недела започна и кампањата *Подигање на свеста за значењето на Законот за медијација*, а во рамки на подготовките пред неговата имплементација ќе се одржат и повеќе тркалезни маси, како и предавања на универзитетите во Скопје и во Тетово.

Со Проектот за алтернативно решавање на споровите на Меѓународната финансиска корпорација, кој е поддржан и од Владата на кралството Холандија се опфатени пет земји. Македонија е трета земја по Босна и Херцеговина и Србија во која се воведува

медијацијата за решавање на спорови во граѓански, трговски, работни и потрошувачки спорни односи. Проектот наскоро ќе биде спроведен и во Црна Гора и во Албанија.

Запрашана за критериумите кои треба да ги исполнува едно лице за да биде избран за медијатор, Скаловска посочи оти медијатори може да бидат адвокати, судии, но и лица од други професии во зависност од видот на спорот, а во првиот конкурс кој е веќе распишан ќе бидат избрани 30 лица.**ва/дма/14:59**